Култура

Објавено на: 12.06.2009 12:11:00
Автор: Реџеп Пампур

# Македонија со реклама на светските ТВ-станици

Новиот видеопродукт на Пристоп МК е спот за туристичка и културна презентација на Македонија, кој ќе се емитува на познатите светски ТВ-станици



Пристоп МК го реализираше спотот за туристичка и културна презентација на Македонија, порачан и финансиран од Владата на РМ, а ќе биде емитуван на светските ТВ-станици, како и најпозната телевизиска станица Си-Ен-Ен. Станува збор за голем проект на кој работеше екипа од 80 луѓе, филмски автори од Македонија, Англија, Хрватска, Словенија, Србија и Белгија. Директор на фотографијата е Џајлс Натџенс, музиката е на Златко Ориѓански, сценограф е Игор Тошевски, монтажата е на Нина Велниќ, костимите ги изработија Жаклина Величковска и Бланка Будак. Продукцијата на спотот е на Пристоп МК, а режисер е Игор Иванов Изи. Спотот се работеше од 1 април до 10 јуни на локации во Охрид, Скопје, Матка, Витачево, Галичник, манастирот Св. Јован Бигорски, Струмица, Стоби... додека постпродукцијата се изврши во Словенија, Хрватска и Македонија.

@ Copyright 2010 | Форум